Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците з пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на РСМ“ бр. 213/2024) и член 21 од Статутот на општината Дебрца („Службен гласник на општината Дебрца“, број 3/2005), а по предлог на Градоначалникот, Советот на општината Дебрца, на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе :

# О Д Л У К А

## За распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта

### Член 1

Советот на општина Дебрца распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта.

### Член 2

Јавниотповик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од Јавниот повик.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

### Член 3

Постапката за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД „Дебрца“ с.Белчишта, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Дебрца.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Дебрца“.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**Број 08-318/6**
**13.03.2026 година**
**с.Белчишта**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Иван Стрезоски**